Инспиративната приказна за МЦМС започнува во 1993 година, по осамостојувањето на Македонија. МЦМС е потфат на домашни мировни и граѓански иницијативи, поддржани од Холандската меѓуцрковна помош (ХМП). Основан е на 14 декември 1993 г. Целите беа промоција на мирот, организирање на граѓанското општество и помош на оние кои имаат потреба.

Основањето следеше како одговор на проблемите што ги донесе распадот на Југославија и значеше знак на солидарност во напорите за мирољубиво решение на проблемите, унапредувањето на добрососедството и соработката меѓу сите луѓе кои живеат во Македонија и промоцијата на мирните и праведни решенија за постојните разлики во регионот, со надеж дека тоа е возможно.

Разговорите меѓу седумчлениот комитет со ХПМ започнаа во пролетта 1993 година. Низ повеќе разговори и средби беа дефинирани основните елементи на новата организација. Финализирањето се случи на **14 декември 1993 година**, со одржувањето на Основачкото собрание на тогаш
хуманитарната организација Македонски центар за меѓународна соработка
.

Целите на МЦСМ беа поставени:

- Промоција на мирот;
- Организирање на граѓанското општество и
- Помош на оние кои имаат потреба.

Задачите на новата организација беа:

- да гради долготрајни односи на соработка со организациите кои имаат слични цели, во земјата и во странство;
- да изгради сопствена структура;

- да ја информира македонската и меѓународната јавност за развојот и развојните потреби во Македонија и за сопствената работа и работата на организациите со кои соработува.

Така се ставени темелите на организацијата која се разви како независна, граѓанска, не за профит организација, подготвена да се соочи со предизвиците и да креира модели или алтернативи за решавање на проблемите.

Овде би сакале уште еднаш да ја кажеме нашата **голема благодарност** до човекот што сето ова го направи возможно во 1993 година – Херт Јан ван Апелдорн, претставник на ХПМ во Македонија. МЦМС растеше и јакнеше благодарение на поддршката на ХПМ и на знаењето, вештината и благодарноста што и ги пренесе тој.